Ако приспојувате кориснички го дводимензионалниот код

Прочитајте го следниот 2D Code за пристап.

2 Внесете поставки на вашиот паметен телефон за да се овозможи функцијата NFC.

За детали, погледнете го упатството за корисникот што се доставува со паметниот телефон.

За апликацијата „NFC Easy Connect"

Ова е бесплатна апликација што се користи особено за Android. Побарајте на интернет детални информации за апликацијата „NFC Easy Connect" и преземете ја.

- Во некои земји и региони, не е можно да се преземе апликацијата согласна со NFC.

Остварување врска со паметниот телефон со еден допир

Само допрете го паметниот телефон до системот. Системот се вклучува автоматски и се воспоставува спарување и BLUETOOTH-поврзување.

1 Активирајте ја апликацијата „NFC Easy Connect" на паметниот телефон.

Проверете дали се појавува екранот на апликацијата.

2 Допрете го паметниот телефон до уредот.

Допрете го паметниот телефон до ознака N 9 на уредот и одржувајте го контактот додека паметниот телефон не почне да вибрира.

Завршете го поврзувањето со паметниот телефон, следејќи ги упатствата на екранот. Погледнете го упатството за корисникот на паметниот телефон за делот користење допир со паметниот телефон.

- За да ја исклучите воспоставената врска, допрете го вашиот паметен телефон до ознака N-Mark 9 на уредот.
- Кога ќе допрете паметен телефон согласен со NFC до уредот, додека е поврзан друг уред на BLUETOOTH со системот, тој уред ќе се исклучи, а системот ќе се поврзе со паметниот телефон.
- Ако го допрете паметниот телефон, што е поврзан со оној систем, со другиот слушалки или звучник на BLUETOOTH, согласни со NFC, паметниот телефон ќе се исклучи од системот и ќе се поврзе со допрениот уред на BLUETOOTH.

Слушање музика преку BLUETOOTH-поврзување

Може да управувате со уредот BLUETOOTH поврзувајќи го со системот преку AVRCP. Проверете го следново пред да репродуцирате музика:

- Дали е вклучена функцијата BLUETOOTH на BLUETOOTH-уредот.
- Дали е завршено спарувањето.

1 Притиснете BLUETOOTH FUNCTIONN 4 на далечинскиот управувач или притискајте FUNCTION 4 на уредот додека не се појави „BT AUDIO" на екранот 16.

2 Воспоставете BLUETOOTH-поврзување со BLUETOOTH-уредот.

Кога ќе се воспостави врска, се појавува „CONNECT" на екранот 16 потоа се појавува постојаното име на моето на BLUETOOTH-уред со BLUETOOTH-уредот.

Ако BLUETOOTH-уредот се поврзал со системот порано, може да се поврзе автоматски без посредство на корисникот.

3 Притиснете ▶II 6 за да започнете репродукција.

Зависно од BLUETOOTH-уредот, можеби ќе треба да притиснете ▶II 6 двапати.

Зависно од BLUETOOTH-уредот, можеби ќе треба (однапред) да го активирате AV-софтверот на BLUETOOTH-уредот.

4 Притиснете VOLUME +/— 17 на далечинскиот управувач или свртете го копчето VOLUME 17 на уредот налево или надесно за да ја приспособите јачината на звукот.

Други операции

За	Направете го следното:
Пауза на репродукцијата	Притиснете ▶II 6*.
Запирање на репродукцијата	Притиснете ■ 7.
Избор на папка	Притиснете 🗀 +/— 24.
Избор на датотека	Притиснете ⏮/⏭ 8.
Наоѓање на место во датотека	Задржете ⏪/⏩ 8 (или ⏮/⏭ 8 на уредот*) за време на репродукцијата и отпуштете го копчето во саканата точка.

* Зависно од BLUETOOTH-уредот, можеби ќе треба да притиснете ▶II 6 двапати.

Забелешка

Одредени операции може да не се достапни за определени BLUETOOTH-уреди. Освен тоа, самите операции може да се разликуваат зависно од типот на уредот со BLUETOOTH.

За проверување на адресата на поврзан BLUETOOTH-уред

Притиснете DISPLAY 28 додека се прикажува постојаното име на поврзаниот BLUETOOTH-уред на екранот 16. Адресата на BLUETOOTH-уредот се покажува на два наврати на екранот на системот за време од 8 секунди.

Откажување BLUETOOTH-врска со BLUETOOTH-уред

Притиснете BLUETOOTH 5 на уредот. „DISCONNECT" се појавува на екранот 16.
Зависно од типот на уредот со BLUETOOTH, поврзувањето може да се откаже автоматски кога ќе ја запрете репродукцијата.

Употреба на аудио компоненти по избор

1 Притиснете VOLUME — 17 на далечинскиот управувач или завртете го копчето VOLUME 17 на уредот налево за да ја намалите јачината на звукот.

2 Поврзете дополнителна аудио компонента на приклучокот за AUDIO IN C користејќи кабел за поврзување аудио (не се доставува).

3 Притиснете AUDIO IN FUNCTION 4 на далечинскиот управувач или притискајте FUNCTION 4 на уредот додека не се појави „AUDIO IN" на екранот 16.

4 Започнете ја репродукцијата на поврзаната компонента.

Приспособете ја јачината на звукот на поврзаната компонента за време на репродукцијата.

5 Притиснете VOLUME +/— 17 на далечинскиот управувач или свртете го копчето VOLUME 17 на уредот налево или надесно за да ја приспособите јачината на звукот.

Забелешка

Системот може автоматски да влезе во режимот на подготовност ако нивото на јачината на звукот на поврзаната компонента е прениско. Соодветно прилагодете ја јачината на звукот на компонентата.

Поставување на функцијата за автоматско влегување во режимот на подготовност

Со функција за автоматско влегување во режимот на подготовност, системот автоматски влегува во режимот на подготовност ако 15 минути нема никаква операција или излезен аудио сигнал. „AUTO STBY" се појавува на екранот 16 за 2 минути пред системот да влезе во режим на подготовност. Стандардно, функцијата за автоматско влегување во режимот на подготовност е вклучена. Може да ја исклучите оваа функција користејќи го менито за опции.

1 Притиснете OPTIONS 34 за да се прикаже менито за поставки.

2 Притискајте ◆/◆ 24 за да изберете „AUTO STBY", потоа притиснете ⊙ 33.

3 Притискајте ◆/◆ 24 за да изберете „ON" или „OFF", потоа притиснете ⊙ 33.

Забелешки

- Функцијата за автоматско влегување во режимот на подготовност е неважечка за функцијата за бирање станици (FM/AM/DAB), дури и кога ќе ја вклучите.
- Системот може да не влезе автоматски во режимот на подготовност во следните случаи:
  - кога ќе се открие аудио сигнал;
  - за време на репродукција на песни или аудио датотеки;
  - кога е во тек работа на тајмерот за заспивање или тајмерот за репродукција.
- Системот повторно го одбројува времето (15 минути) пред да влезе во режимот на подготовност, дури и кога е вклучена функцијата за автоматско влегување во режимот на подготовност, кога е поврзан USB-уред или кога е притиснато копче на далечинскиот управувач или на уредот.
  - АМ е достапно само за CMT-SBT100, или DAB само за CMT-SBT100B.

Поставување на режимот на подготовност на BLUETOOTH

Може да овозможите/онеовозможите режим на подготовност за BLUETOOTH.
Кога е вклучен режимот на подготовност на BLUETOOTH, системот влегува во режим на чекање за BLUETOOTH-поврзување дури и кога е исклучен. Ако системот прими наредба за репродуцирање од поврзаниот уред BLUETOOTH, тој се вклучува и репродуцира музика. Режимот на подготовност на BLUETOOTH стандардно е исклучен.

1 Притиснете OPTIONS 34 за да се прикаже менито за поставки.

2 Притискајте ◆/◆ 24 за да изберете „BT STBY", потоа притиснете ⊙ 33.

3 Притискајте ◆/◆ 24 за да изберете „ON" или „OFF", потоа притиснете ⊙ 33.

4 Притиснете I/⏻ (power) 1 за да го исклучите системот.

Кога „BT STBY" е поставено на „ON", системот се вклучува и може да слушате музика ако активирате BLUETOOTH на поврзаната компонента.

Забелешка

"BT STBY" не се појавува во менито за поставувања, ако BLUETOOTH-уредот не е регистриран на системот.

Приспособување на звукот

Поставување на засилувањето на басот

Притискајте BASS BOOST 16 за да изберете „ON" или „OFF."

Приспособување на басот и на високи тонови

Притиснете BASS +/— 29 за да го приспособите басот или TREBLE +/— 30 за да ги приспособите високите тонови.
Или, притискајте EQ 14 на уредот за да изберете „BASS" или „TREBLE", и приспособете ја избраната единица користејќи TUNE +/— 8.

Совет

Системот е опремен со функцијата DSEE за да се репродуцира чист висок тон и покрај деградацијата предизвикана од компресија.
Вообичаено, функцијата DSEE се активира автоматски кога ќе го препознае изворот на звук, но може да не се активира зависно од тековната функција.

Промена на приказот

За	Направете го следното:
Гледајте ги информациите на екранот 16 *	Притискајте DISPLAY 28 кога системот е вклучен.
Приказ на часовникот	Притискајте DISPLAY 28 кога системот е исклучен. *2 Часовникот се појавува за околу 8 секунди.

*1 Додека се репродуцира диск CD-DA/MP3, може да гледате информациите опишани подолу.
*2 Информациите не се појавуваат во режимот BLUETOOTH.

диск CD-DA

- преостанатото време за репродукција на песна за време на репродукцијата
- целосното преостанато време на репродукција

MP3-диск

- име на песната или датотеката
- име на изведувачот
- име на албумот

Забелешки за информациите на приказот

- Знаците што не може да се прикажат се појавуваат како „_".
- Следното не се прикажува:
  - преостанато или вкупно време за репродукција на MP3-диск,
  - преостанато време за репродукција на датотека со MP3-формат.
- Следното не се прикажува правилно:
  - поминатото време на MP3-датотека што е кодирана со VBR (различна стапка на битови);
  - имиња на папките и датотеките што не се во согласност со формат за наставки ISO9660 Level 1/ Level 2 или Joliet.
- Следното се прикажува:
  - целосното време за репродукција на CD-DA диск (освен кога е избран режимот PGM и влезот не работи)
  - преостанато време за репродукција на песна на CD-DA диск
  - преостанато време за репродукција за CD-DA диск (само кога е избран режимот за нормална репродукција за време на репродукција)
  - информации заознаките ID3 за MP3-датотеки. Кога се користатознаки ID3 верзија 1 и верзија 2 за една иста MP3-датотека, прикажан ми информацијата заознака ID3 верзија 2 имаат предност.
- до 64 знаци заознаки ID3, кога дозволените знаци се големи букви (од A до Z), бројеви (од 0 до 9) и симболи (" $ % ' ( ) * + , - . / < = > @ [\ ] _ ` ~ { | } ! ? ^ ~)

Забелешки за информациите на екранот на DAB/DAB+ (само за CMT-SBT100B)

Се прикажува и следново:

- до 8 знаци ако името на услугата, до 128 знаци од DLS (делот за динамичка ознака) и до 16 знаци од целата ознака,
- се прикажува вредност помеѓу 0 и 100 ако го означува квалитетот на сигналот.

Употреба на тајмерите

Системот ноќи тајмер за заспивање и тајмер за репродукција. Тајмерот за заспивање е приоритетен пред тајмерот за репродукција.

Поставување на тајмерот за заспивање

Системот се исклучува автоматски откако ќе измине времето што е поставено на тајмерот за заспивање. Тајмерот за заспивање работи дури и кога часовникот не е поставен.

1 Притискајте SLEEP 20 за да го одредите времето.

- Изберете „30MIN" за да се исклучи системот по 30 минути.
- За да го откажете тајмерот за заспивање, изберете „OFF".

Поставување на тајмерот за репродукција

Може да слушате диск CD-DA или MP3 или радио секој ден во претходно меморирано време. Проверете дали сте го наместиле часовникот пред поставување на тајмерот.

1 Подгответе го изворот на звукот и завртете го копчето VOLUME 17 на уредот налево или надесно или притиснете VOLUME +/— 17 на далечинскиот управувач за да ја приспособите јачината на звукот.

Достапните извори за звук се: CD, USB, и TUNER (FM, AM или DAB)* FUNCTION.
За да започнете од одредена песна на CD-диск, аудио датотека или радио станица, креирајте сопствена програма.

* FM или AM за CMT-SBT100, или FM или DAB за CMT-SBT100B.

2 Притиснете TIMER MENU 19.

3 Притискајте ◆/◆ 24 за да изберете „PLAY SET", потоа притиснете ⊙ 33.

Почетното време трепка на екранот.

4 Поставете го времето за почеток на операцијата.

Притискајте ◆/◆ 24 за да го поставите часот, потоа притиснете ⊙ 33.
Светка индикаторот за минути. Користете ја постапката погоре за да ги поставите минутите. Кога ќе се постави почетното време, системот преминува на поставување на крајното време.

5 Користете ја истата постапка како во чекор 4 за да го поставите времето за прекин на операцијата.

Ако на екранот свети „TIME NG"

Времињата за почеток и крај се поставени на истото време. Промените го времето за крај.

6 Изберете го изворот на звук.

Притискајте ◆/◆ 24 додека не се појави саканиот извор на звук, потоа притиснете ⊙ 33.
За достапните извори на звук, погледнете во чекор 1.
Откако ќе завши изборот на извор на звук, се појавува потврдниот екран за тајмер на репродукција.

7 Притиснете I/⏻ (power) 1 за да го исклучите системот.

- Кога ќе се постави тајмерот за репродукција, системот автоматски се вклучува околу 15 секунди (за FM, AM или DAB)(for FM, AM or DAB*) или околу 90 секунди (за диск CD-DA или USB-уред) пред меморираното време.
- Ако системот е вклучен во меморираното време, тајмерот за репродукција не работи. Внимавајте да не ракувате со системот додека не се вклучи и не започне репродукција со тајмерот
  * АМ е достапно само за CMT-SBT100, или DAB само за CMT-SBT100B.

Проверка на поставката

1 Притиснете TIMER MENU 19.

2 Притискајте ◆/◆ 24 за да изберете „SELECT", а потоа притиснете ⊙ 33.

3 Притискајте ◆/◆ 24 за да изберете „PLAY SEL", а потоа притиснете ⊙ 33.

Поставката на тајмерот се појавува на екранот.

Откажување на тајмерот

Повторете ја истата постапка како за „Проверка на поставувањето" додека не се појави „OFF" во чекор 3, а потоа притиснете ⊙ 33.

Промена на поставката

Започнете од почеток од чекор 1.

Забелешки

- Кога изворот на звук за тајмерот на репродукција е поставен на радио станица, што сте ја поставиле со автоматско скенирање (AUTO) или со рачно бирање (MANUAL) и ако ја промените радио фреквенцијата или јачината по поставувањето на тајмерот, ке се смени и поставката за радио станица за тајмерот на репродукција.
- Кога изворот на звук за тајмерот на репродукција е поставен на радио станица избрана од меморирана станица (мемориран број 1 до 20) и ако ја промените фреквенцијата или јачината на радио станицата по поставување на тајмерот, поставката за радио станица за тајмерот нема да се промени. Бирањето радиостанца за тајмерот е фиксно на станицата што ке ја поставите.

Совет

Поставката на тајмерот за репродукција останува важечка ќе додека не се откаже рачно.

Решавање проблеми

1 Осигурете се дека кабелот за напојување е добро поврзан.

2 Пронајдете го проблемот во списокот подолу и направете ја наведената поправка.

Контактирајте со најблискиот продавач на Sony ако проблемот опстојува.

Ако индикаторот STANDBY 2 трепка

Веднаш извлечете го кабелот за напојување и проверете ја следната ставка.

- Има ли краток спој во кабелот на звучникот? Откако индикаторот STANDBY 2 ќе престане да трепка, повторно поврзете го кабелот за напојување и вклучете го системот. Контактирајте со најблискиот продавач на Sony ако проблемот опстојува.

Општо

Системот не се вклучува.

- Дали кабелот за напојување е правилно поврзан?

Системот неочекувано влезе во режимот на подготовност.

- Ова не е дефект. Системот автоматски влегува во режимот на подготовност ако во тек е 15 минути немало операција или излезен аудио сигнал. Погледнете во „Поставување на функцијата за автоматско влегување во режимот на подготовност".

Поставувањето на часовникот или операцијата на тајмерот за репродукција се откажаних неочекувано.

- Ако помине околу една минута без операција, поставувањето на часовникот или поставувањето на тајмерот за репродукција се откажуваат автоматски. Изведете ја операцијата повторно од почетокот.

Нема звук.

- Осигурете се дека кабелите на звучникот се правилно поврзани.
- Проверете дали го користите доставените звучници.
- Свртете го копчето VOLUME 17 на уредот во насока на стрелките на часовникот или притиснете VOLUME + 17 на далечинскиот управувач за да ја зголемите јачината на звукот.
- Осигурете се дека слушалките се исклучени од приклучокот за слушалки.
- Осигурете се дека надворешната компонента е правилно поврзана со приклучокот AUDIO IN C и поставете ја функцијата на AUDIO IN.
- Одредената станица можеби привремено престанала да емитува.
- Нема рамнотежа помеѓу звукот од десно и од лево. Проверете дали десниот и левиот звучник се правилно поврзани.
- Поставете ги звучниците симетрично.
- Поврзете ги доставените звучници.

Се појавува сериозно зуење или шум.

- Поместете го системот подалеку од извори на бука.
- Поврзете го системот во друг ѕиден штекер.
- Се препорачува користење приклучник за наизменична струја со филтер за звук (не се доставува).

Далечинскиот управувач не работи.

- Отстранете ги сите препреки помеѓу далечинскиот управувач и сензорот за далечински управувач 3 на уредот и поставете го уредот подалеку од флуоросцентни светла.
- Насочете го далечинскиот управувач кон сензорот за далечински управувач на уредот.
- Поместете го далечинскиот управувач поблиску до системот.

CD-DA/MP3-диск

На екранот се појавува „LOCKED" 10 и дискот не може да се отстрани од фиоката за диск.

- Консултирајте се со најблискиот продавач на Sony или со локалниот овластен сервис за Sony.

Дискот или датотеката не се репродуцира.

- Дискот не е завршен (диск CD-R или CD-RW на кој што може да се додаваат податоци).

Звукот прескокнува или дискот не се репродуцира.

- Избришете го дискот и ставете го одново.
- Поставете го системот на локација што е подалеку од вибрации (на пример, врз стабилен држач).
- Осцилацијата на звучниците може да е предизвикана од прескокнување на звукот, зависно од нивото на јачината на звукот. Одалечете ги звучниците од уредот или променете ја локацијата на звучниците.

Репродукцијата не започнува од првата песна или датотека.

- Вратете се на нормална репродукција со притискање на PLAY MODE 27 во режим на запрена репродукција додека „PGM" и „SHUF" 10 не исчезнат од екранот.

Почетокот на репродукцијата трае подолго од обично.

- Следните дискови можат да го зголемат времето потребно за почеток на репродукцијата:
  - диск снимен со комплицирана структура на дрво,
  - диск снимен во формат на повеќе сесии,
  - диск со многу папки.

USB-уред

Поврзан е неподржан USB-уред.

- Ако поврзете USB-уред, кој не е поддржан, може да настанат следниве проблеми. Проверете ги информациите на интернет-страниците за компатибилни USB-уреди со наведени URL-адреси под „Репродукција на датотека на USB-уред".
  - USB-уредот не се препознава.
  - Имињата на датотеките или папките не се прикажуваат на овој систем.
  - Репродукција не е можна.
  - Звукот скока.
  - Има бучава.
  - Се слуша изобличен звук.

Нема звук.

- USB-уредот не е поврзан правилно. Исклучете го системот, а потоа повторно поврзете го USB-уредот.

Има бучава, скокање или изобличен звук.

- Поврзан е неподржан USB-уред. Поврзете поддржан USB-уред.
- Исклучете го системот, потоа повторно поврзете го USB-уредот и вклучете го системот.
- Самите музички податоци содржат бучава или звукот е изобличен. Веројатно шумот бил внесен кога се создавале музичките податоци додека уживате на компјутерот. Во тој случај, избришете ја датотеката и повторно испратете ги музичките податоци.
- Бит-стапката што се користела за кодирање на аудио датотеките е ниска. Испратете датотеки кодирани со повисоки бит-стапки до USB-уредот.

„READING" се прикажува подолго време или е потребно долго време пред да започне репродукцијата.

- Процесот на читање може да трае долго време во следниве случаи.
  - Постојат многу папки или датотеки на USB-уредот.
  - Структурата на датотеките е премногу сложена.
  - Нема доволно простор во меморијата.
  - Внатрешната меморија е фрагментирана.

Името на датотеката или папката (името на албумот) не се прикажува правилно.

- Испратете ги музичките податоци до USB-уредот одново, бидејќи податоците што складирани во него веројатно се оштетени.
- Кодовите на знаци што системот може да ги прикаже се следниве:
  - Големи букви (А до Z).
  - Бројеви (0 до 9).
  - Симболи (< > * + , | [ ] @ \ _).

  Другите знаци се појавуваат како „_".

USB-уредот не се препознава.

- Исклучете го системот и повторно поврзете го USB-уредот, а потоа вклучете го системот.
- Проверете ги информациите на интернет-страниците за компатибилни USB-уреди со наведени URL-адреси под „Репродукција на датотека на USB-уред".
- USB-уредот не работи правилно. Погледнете во упатството за употреба доставено со USB-уредот околу тоа како да се справите со овој проблем.

Репродукцијата не започнува.

- Исклучете го системот и повторно поврзете го USB уредот, а потоа вклучете го системот.
- Проверете ги информациите на интернет-страниците за компатибилни USB-уреди со наведени URL-адреси под „Репродукција на датотека на USB-уред".

Репродукцијата не започнува од првата песна.

- Поставете го режимот за репродукција во режим за нормална репродукција.

USB-уредот не може да се полни.

- Проверете дали USB-уредот е безбедно поврзан.
- Не може да се изврши полнење ако системот е исклучен.
- Системот може да не го поддржува USB-уредот. Проверете ги информациите на интернет-страниците за компатибилните USB-уреди.

Приемник

Се појавува сериозно зуење или шум (трепка „STEREO" на прозорецот на екранот 16), или преносите не може да се примат.

- Поврзете ја антената правилно.
- Најдете локација и ориентација што обезбедуваат добар прием, а потоа поставете ја антената повторно.
- Антените држете ги подалеку од уредот, кабелот од звучникот или другите АV компоненти за да се избегне собирање на звуци.
- Исклучете ја електричната опрема во близина.

Се слушаат неколку радио станици истовремено.

- Најдете локација и ориентација што обезбедуваат добар прием, а потоа поставете ја антената повторно.
- Соберете ги каблите за антена користејќи комерцијални спојници за кабли, на пример, и прилагодете ја должината на каблите.

Радио станицата DAB/DAB+ не се прима правилно.

- Проверете ги сите компоненти на антената, потоа изберете ја поставката за автоматско DAB скенирање (погледнете „рачно спроведување на автматското DAB скенирање (само за CMT-SBT100B)").
- Можеби тековната услуга DAB/DAB+ не е достапна. Притиснете TUNE +/— 8 за да изберете друга услуга.
- Ако сте се преселиле во друга област, можно е некои услуги/фреквенции да се променале и нема да може да ги изберете вообичаените преноси. Извадете ја поставката на автоматско скенирање DAB за повторно да ја регистрирате содржината на преносите. (Извадувањето на оваа постапка ги брише сите претходно поставени станици.)

Преносот DAB/DAB+ е прекинат.

- Проверете ја локацијата на системот или наместете ја ориентацијата на антената за да се зголеми означената вредност на квалитетот на сигналот. За понатамошни детали за квалитетот на сигналот погледнете во „Промена на екранот".

Ресетирање на системот на фабричките поставки

Ресетирајте го системот на фабричките поставки ако не работи правилно.
Користете ги копчињата на уредот за да го ресетирате системот на стандардните фабрички поставки.

1 Исклучете го кабелот за напојување и потврдете дека индикаторот STANDBY 2 не е запален. Потоа повторно поврзете го кабелот за напојување и вклучете го системот.

2 Притиснете и задржете 7 и I/⏻ 1 на екранот додека не се појави „RESET" на екранот.

Сите податоци што ги конфигурирал корисникот, како меморираните радиостанции, тајмерот и часовникот ќе се избришат.

Ако проблемот опстои откако ќе направите ќе што е наведено погоре, консултирајте се со најблискиот продавач на Sony.

Пораки

CANNOT PLAY: Системот не може да репродуцира аудио датотеки поради неподржан формат на датотека или поради ограничувања на репродукцијата.

CAN'T PLAY: Сте поставиле диск што не може да се пушти на овој систем, како што се CD-ROM и DVD.

COMPLETE: Операцијата на меморираната станица завршил нормално.

DATA ERROR: Се одбидете да репродуцирате датотека што не може да се репродуцира.

ERROR: Работите со системот за време на иницијализацијата. Почекајте додека таа завршил.

LOCKED: Фиоката за диск 12 е заклучена и можете да го отстраните дискот. Контактирајте го најблискиот продавач на Sony.

NO DEVICE: Не е поврзан USB-уред или поврзаниот USB-уред е отстранет.

NO DISC: Во плеерот нема диск или сте наместиле диск што не може да се репродуцира.

NO MEMORY: Медиумот за меморијата е вметнат во USB-уредот или системот не го идентификува.

NO STEP: Избришани се сите програмирани песни.

NO SUPPORT: Системот не го поддржува поврзаниот USB-уред.

NO TRACK: На USB-уредот или на дискот нема датотеки што може да се репродуцираат.

НЕ Е ВО УПОТРЕБА: Притиснавте копче што не може да се репродуцира.

OVER CURRENT: Отстранете го USB-уредот од приклучокот и исклучете го системот, а потоа повторно вклучете го.

PUSH STOP: Притиснавте PLAY MODE 27 за време на репродукција во функцијата на CD или на USB.

READING: Системот ги чита информациите на дискот или на USB-уредот. Некои копчиња не работат за време на читањето.

STEP FULL: Се обидовте да програмирате повеќе од 25 песни или датотеки.

TIME NG: Времињата за почеток и крај на тајмерот за репродукција се исти.

Мерки за претпазливост

Дискови што овој систем МОЖЕ да ги репродуцира

- CD-DA аудио-дискови
- CD-R/CD-RW (аудиоподатоци на CD-DA песни и MP3-датотеки)

Не користете празен диск CD-R/CD-RW. Тоа може да предизвика негово оштетување.

Дискови што овој систем НЕ МОЖЕ да ги репродуцира

- CD-ROM
- CD-R/CD-RW освен оние снимени во музички CD-формат или MP3-формат во согласност со ISO9660 ниво 1/ниво 2, Joliet
- CD-R/CD-RW снимен во формат на повеќе сесии, а не во затворена сесија
- CD-R/CD-RW со слаб квалитет на снимање, CD-R/CD-RW што имаат гребнатини или се валкани или CD-R/CD-RW снимени со некомпатибилен уред за снимање
- CD-R/CD-RW што е неправилно завршен
- Дискови што содржат датотеки што не се MPEG 1 Audio Layer-3 (MP3)-датотеки
- Дискови со нестандарден облик (на пример срце, квадрат, ѕвезда)
- Дискови на кои е залепена леплива лента, хартија или лепенка
- Дискови на кои системот е оштетен по ломбаци
- Дискови со печатени знаци направени со мастило легливо на допир

Забелешки за дисковите CD-DA

- Избришете го дискот со крпа за чистење од центарот кон работите пред репродукција.
- Не чистете ги дисковите со растворувачи како што е бензин, разредувач, комерцијално достапни средства за чистење или антистатичен спреј наменет за винилни плочи.
- Не изложувајте ги дисковите на директна сончева светлина или на топлотни извори како што се каналите за топол воздух и не оставајте ги во автомобил паркиран на директна сончева светлина.

Безбедност

- Целосно отстранете го кабелот на напојување (главен вод) од ѕидниот штекер (главен вод) ако ќе ја го користите подолго временски период. Кога го исклучувате системот од напојување, секогаш држете го приклучокот. Никогаш не извлекувајте го кабелот.
- Ако во системот влезе цврст објект или течност, исклучете го и повикајте квалификуван лице да го провери пред да го користите повторно.
- Кабелот за напојување со наизменична струја може да се замени само во квалификуван сервис.

Поставување

- Не поставајте го системот во накосена положба или на места што се експонирани на сонце, ладни, прашливи или мокри места, спречете ја вентилацијата или се предмет на вибрации, директна сончева светлина или јака светлина.
- Внимавајте кога го поставувате системот на површини кои се посебно обработени (на пример, со восок, масло, средство за полирање) бидејќи може да се предизвикаат дамки или обезбојување на површината.
- Ако системот се внесува директно од ладна во топла просторија или се поставува во многу влажна соба, влагата може да кондензира на леките во CD-плеерот и да предизвика дефект на системот. Во тој случај, отстранете го дискот и оставете го системот вклучен околу еден час сè додека не испари влагата.

Акумулиране топлина

- Загревањето на уредот за време на работата е нормално и не е причина за аларм.
- Не допирајте ја кутијата ако е користена постојано со голема јачина на звукот затоа што кутијата може да биде жешка.
- Не блокирајте ги отворите за вентилација.

Систем на звучници

Овој систем на звучници не е магнетно заштитен и сликата на блиските телевизори може да се искривиш под влијание на магнетното поле. Во тој случај, исклучете ги телевизорот, почекајте од 15 до 30 минути и вклучете го пак.

Чистење на куќиштето

Чистете го овој систем со мека крпа делумно натопена со слаб раствор на детергент. Не користете каков било вид абразивни перничиња, прашок за чистење или растворувачи, како на пример, разредувачи, бензин или алкохол.

Безжична технологија BLUETOOTH

Безжичната технологија BLUETOOTH е безжична технологија со краток опсег шо поврзува дигитални уреди, како персонални компјутери и дигитални фотоапарати. Користејќи ја безжичната технологија Bluetooth, може да работите со уредите во опсег од околу 10 метри.
Безжичната технологија BLUETOOTH обично се користи помеѓу два уреда, но и еден уред може да се поврзе со повеќе уреди.
Не ви требаат жици за да се поврзете, како кај USB-поврзувањето, а не треба нити да ги поставите уредите свртени еден кон друг, како кај безжичната инфрацрвена технологија. Технологијата може да ја користите со еден уред BLUETOOTH во торбата или во џебот.
Безжичната технологија BLUETOOTH е глобален стандард што е поддржан од илјадници компании. Овие компании произведуваат производи што го исполнуваат глобалниот стандард.

Поддржана верзија и профили на BLUETOOTH

Профил се однесува на стандарден збир способности за различни способности на производите со BLUETOOTH. Погледнете „Спецификации" за деталите за верзијата и профилите со поддржан BLUETOOTH.

Забелешки

- За да користите уред со BLUETOOTH поврзан со системот, тој мора да го поддржува истиот профил како и системот. Забележете дека функциите на уредот со BLUETOOTH може да се разликуваат во зависност од спецификациите на уредот, дури и ако го има истиот профил како и системот.
- Споредено со аудиоуредоците на предавателот, репродукцијата на системот е малку одложена поради својствата на безжичната технологија BLUETOOTH.

Ефикасен опсег за комуникација

Уредите со BLUETOOTH треба да се користат на околу 10 метри (непречено растојание) еден од друг. Ефективниот опсег за комуникација може да стане пократок под следните услови.

- Кога некоја личност, метален објект, ѕид или друга пречка се наоѓа помеѓу уредите со поврзување преку BLUETOOTH
- Локации каде што е инсталиран безжичен LAN
- Околу микробранови печки што се користат
- Локации каде што може да се појават други електромагнетни бранови

Ефекти на другите уреди

Уредите со BLUETOOTH и безжичен LAN (IEEE 802.11b/g) го користат истиот фреквентен појас (2,4 GHz). Кога го користите уредот со BLUETOOTH во близина на уред што ја има способноста за безжичен LAN, може да се појави електромагнетна пречка. Ова може да даде послаби статки на пренос на податоци, шум и неможност за поврзување. Ако ова се случи, пробајте да го решите проблемот на следните начини:

- Обидете се да го поврзете системот и мобилниот уред со BLUETOOTH или уредот со BLUETOOTH кога се наоѓаат на барем 10 метри од опремата со безжичен LAN.
- Исклучете го напојувањето на опремата за безжичен LAN кога го користите уредот со BLUETOOTH на растојание од 10 метри.

Ефекти врз другите уреди

Емитувањата радиобранови од системот може да предизвикаа пречки во работата на некои медицински уреди. Бидејќи пречката може да предизвика дефект, секогаш исклучете го напојувањето на системот, мобилниот телефон со BLUETOOTH и BLUETOOTH-уредот на следните локации:

- Во болниците, возовите и на авионите
- Во близина на автоматски врати или аларми за пожар

Забелешки

- Системот поддржува функции за безбедност што се во согласност со спецификациите на BLUETOOTH како средство за осигурување на безбедноста при користење на технологијата BLUETOOTH. Сепак, оваа безбедност може да не е доволна во зависност од поставките и други фактори. Затоа секогаш бидете внимателни кога комуницирате користејќи ја технологијата BLUETOOTH.
- Sony не е одговорен за ниту еден начин за штетите или за другите загуби што настанале како резултат на протекување информации за врска на комуникација со користење на технологијата BLUETOOTH.
- Комуникацијата преку BLUETOOTH не се гарантирана за сите уреди со BLUETOOTH што го имаат истиот профил како системот.
- Уредите со BLUETOOTH што се поврзани со системот мора да се во согласност со спецификациите на BLUETOOTH што ги пропишува BLUETOOTH SIG, Inc. и мора да се потврди дека се соодветни. Сепак, дури и кога уредот е во согласност со спецификациите на BLUETOOTH, може да постои случаи каде што карактеристиките или спецификациите на уредот со BLUETOOTH го прифаќаат поврзувањето невозможно или може да резултира со други начини на контрола, пристап или ракување.
- Може да се појави шум или аудиото може да е исчезнато во зависност од BLUETOOTH-уредот, што е поврзан со системот, од средината за комуникација или од условите на отпорувањето.

Спецификации

Дел со засилувач

Излезна моќност (номинално): 20 вати + 20 вати (